РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSINË NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIMIN E ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД

| Примено: | 2.11.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 77/12 | | |


Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 62 седница одржана на 13.09.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Компјутерска техника и информатика", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за компјутерски науки и инженерство при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид**

1. Се акредитира студиската програма „Компјутерска техника и информатика", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за компјутерски науки и инженерство при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18). Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по компјутерска техника и информатика / во меѓународен промет академски назив: PhD in Computer Technics and informatics.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 212 Компјутерска техника и информатика; Научно – истражувачка област: 21200 Архитектура на сметачки системи 21201 Програмски јазици и технологии 21202 Информациони системи и мрежи 21203 Бази на податоци 21204 Обработка на податоци 21205 Вештачка интелегенција и системи 21206 Процесирање на податоци 21207 Организација и методологија на проектирање на сметачки системи.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Устијана Речкоска Шикоска, проф. д-р Ниношлав Маринa, проф. д-р Анета Велкоска, проф. д-р Атанас Христов, проф. д-р Елена Хаџиева, проф. д-р Дијана Напеска Богатиноска, проф. д-р Анис Сефианоски.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-98/3 од 06.02.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Компјутерска техника и информатика", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за компјутерски науки и инженерство при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-77/1 од 31.01.2023 година (наш бр. 08 - 409/1 од 31.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 52-та седницата одржана на 14.02.2022 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 409/6 од 10.10.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 62-та седница одржана на 13.09.2023 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова

77/2023

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 јануари 2024 година, даде

## РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Компјутерска техника и информатика“ на Факултетот за компјутерски науки и инженерство, при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Компјутерска техника и информатика“ на Факултетот за компјутерски науки и инженерство, при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решението за акредитација бр.08-409/7 од 27.10.2023 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Факултетот за компјутерски науки и инженерство, при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид, достави Барање бр.03-77/13 од 2.11.2023 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр.08-1418/1 од 9.11.2023 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Компјутерска техника и информатика“ на Факултетот за компјутерски науки и инженерство, при Универзитетот за информатички науки и

Në bazë të nenit 145 paragrafi (7) të Ligjit për Arsimin e Lartë* (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.82/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.178/21), Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 30 janar 2024, dha

## AKTVENDIM

**për fillim me punë të programit studimor të ciklit të tretë të studimeve në “Teknikë Kompjuterike dhe Informatikë” në Fakultetin e Shkencave Kompjuterike dhe Inxhinierisë pranë Universitetit të Shkencave dhe Teknologjive Informatike “Shën Apostol Pavle” në Ohër**

1. Me këtë Aktvendim përcaktohet fillimi me punë i programit studimor të ciklit të tretë të studimeve në “Teknikë Kompjuterike dhe Informatikë” në Fakultetin e Shkencave Kompjuterike dhe Inxhinierisë, pranë Universitetit të Shkencave dhe Teknologjive Informatike “Shën Apostoll Pavle” – Ohër.

2. Ky aktvendim hyn në fuqi me ditën e miratimit.

Arsyetim

Pas marrjes së Aktvendimit për akreditim nr.08-409/7 të datës 27.10.2023 nga Bordi për Akreditimin e Arsimit të Lartë, Fakulteti i Shkencave Kompjuterike dhe Inxhinierisë, pranë Universitetit të Shkencave dhe Teknologjive Informatike “Shën Apostol Pavle” në Ohër, dorëzoi Kërkesë nr. 03-77/13, datë 2.11.2023, në Agjencinë për Cilësi në Arsimin e Lartë, të regjistruar me nr.08-1418/1 datë 09.11.2023, për përcaktimin e plotësimit të kushteve për fillim me punë të programit studimor të ciklit të tretë të studimeve për “Teknikë Kompjuterike dhe Informatikë” në Fakultetin e Shkencave Kompjuterike dhe Inxhinierisë, pranë Universitetit të Shkencave dhe Teknologjive Informatike “Shën Apostol Pavle” në Ohër.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД

| Примено: 8.2.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 135/1 | | |

технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-1418/2 од 13.11.2023 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Drejtori i Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë, me Aktvendim nr.08-1418/2, datë 13.11.2023, formoi Komision për përcaktimin e plotësimit të kushteve për fillimin e punës të programit studimor të shënuar në pikën 1 të këtij aktvendimi.

Комисијата на 14.11.2023 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-1418/3 од 20.11.2023 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Компјутерска техника и информатика“ на Факултетот за компјутерски науки и инженерство, при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21).

Komisioni më datë 14.11.2023, realizoi inspektim dhe përgatiti Raport nr.08-1418/3 datë 20.11.2023, në të cilën u konstatua se janë plotësuar kushtet për fillim me punë të programit studimor të ciklit të tretë të studimeve në “Teknikë Kompjuterike dhe Informatikë” në Fakultetin e Shkencave Kompjuterike dhe Inxhinierisë, pranë Universitetit të Shkencave dhe Teknologjive Informatike “Shën Apostol Pavle” në Ohër, në përputhje me dispozitat e përcaktuara me Ligjin për Arsimin e Lartë* (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 82/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 178/21).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21, Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Në përputhje me nenin 145 paragrafin (7) të Ligjit për Arsimin e Lartë* (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.82/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.178/21), Aktvendim për fillim me punë të programeve studimore të ciklit të tretë jep Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, pas marrjes së akreditimit nga Bordi për Akreditim të Arsimit të Lartë dhe pas marrjes së Raportit pozitiv për plotësimin e kushteve për fillimin me punë në programet studimore.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Aktvendimi detyrimisht publikohet në faqen e internetit të Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Duke marrë parasysh të lartëpërmendurën, u vendos si në dispozitivin e këtij aktvendimi

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**KËSHILLË JURIDIKE**: Kundër këtij aktvendimi mund të inicohet kontest administrativ, me parashtrimin e padisë në Gjykatën Administrative në afat prej 30 ditësh nga dita e pranimit të këtij Aktvendimi.

Бр/Nr. 41-548/ 6
30 јануари/janar 2024 година
Скопје/Shkup

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**Мг. Talat Xhaferi**

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Маја Богоевска, помлад соработник |
| Проверил: | Никола Пасков, раководител на одделение |
| | Катерина Јаневска, раководител на одделение |
| Контролирал: | Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор |
| | Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор |
| Согласен: | Снежана М. Пендовски, државен советник |
| | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| Превод: | Alma Useini, помлад соработник |
| Одобрил: | м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата |